# Висина на стапка на казнена и договорна камата од 01.01. - 31.12.2022 година

| Видови договори | | Законска казнена камата | | Договорна казнена камата | | Договорна камата | | Кога не е определена стапката | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи |
| • трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право | 01.01-30.06 | 11,25% | 9,417% | 16,875% | 14,126% | 16,875% | 14,126% | 5,625% | 4,709% |
| | 01.07-31.12 | 12% | 9,492% | 18% | 14,238% | 18% | 14,238% | 6% | 4,746% |
| • договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице | 01.01-30.06 | 9,25% | 7,417% | | | 9,25% | 7,417% | 3,083% | 2,472% |
| | 01.07-31.12 | 10% | 7,492% | | | 10% | 7,492% | 3,333% | 2,497% |
| • други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како на пр. издршката) | 01.01-30.06 | 9,25% | 7,417% | | | | | | |
| | 01.07-31.12 | 10% | 7,492% | | | | | | |

**Забелешка:** Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01...123/13), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува Народна банка на РСМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРСМ референтната стапка за пресметување на казнена камата изнесува:

- **од 01.01.2022 до 30.06.2022 година 1,25%** (соопштение од 28.12.2021 година),
- **од 01.07.2022 до 31.12.2022 година 2%** (соопштение од 30.06.2022 година).

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-**месечната стапка на Еурибор за евра** што вадела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, **зголемена за 10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, **односно зголемена за 8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

**Стапката на Еурибор на 31.12.2021 год. е -0,583%, а на 30.06.2022 г. изнесува -0,508 %.**

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право моде да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што вадела на денот на склучување на договорот, но **максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.**

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

**Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка**, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина **од 1/3 од стапката на законската казнена камата** за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина **од 1/2 од стапката на законската казнена камата,** за соодветната валута.